УДК: 616-01:005.745(497.11)(062.533)"2015"(049.3)

Габриела Топузовска
gtrifunova@yahoo.com

# XVI КОНГРЕС НА ИСТОРИЧАРИ НА МЕДИЦИНА „800 ГОДИНИ СРПСКА МЕДИЦИНА“

## НАЦИОНАЛЕН КОНГРЕС СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

## БРОЈ НА АКРЕДИТАЦИЈА: А-1-1027/25

## ЗАЈЕЧАР, 10-14 ЈУНИ, 2025 ГОДИНА

Во организација на Секцијата за историја на медицина на Српското лекарско друштво, во Зајечар, Република Србија, во периодот од 10 до 14 јуни 2025 година, се одржа Националнен конгрес со меѓународно учество: *Научен собир, Болест-антрополошки, филозовски, теолошки, медицински, културолошки и уметнички аспекти*, во рамките на XVI конгрес на историчарите на медицина, 800 години српска медицина. Научниот собир се одржа со физичко присуство. Конгресот беше поделен во 4 тематски поглавја:

1. Големите лекари од малите градови (биографии)

2. Развој на здравствените установи во Србија

3. Историјски развој на специјалистичките гранки од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата

4.Слободни теми

Програмата на конференцијата се состоеше од презентации на голем број учесници специјалисти за оваа проблематика. Со пригодни обраќања Конгресот го отворија Претседателот на секцијата за историја на медицина, д-р Зоран Вациќ и проф.д-р Милан А.Недељковиќ,претседател на Српското лекарско друштво, на 10 јуни 2025 година во 17.30 Веднаш потоа следуваа воведните предавања на **Петар Пауновиќ:** *Здравје – слепо поле на медицината,* **Зоран Вациќ:** *Историја на виното и лекување со вино во античкиот и средновековниот период,* **Радмила Гудовиќ:**

*Употреба на виното како лек во 19 век, и на крајот следуваше дискусија. Со воведните предавања претседаваше проф. Д-р Милан А. Недељковиќ.*

*Работниот дел на Научниот собир продолжи на 11 јуни 2025 година. Со првата сесија на тема „Болест-медицински, антрополошки и теолошки аспекти", претседаваше доц.д-р Вељко Тодоровиќ. Во оваа сесија со свои излагања се претставија,* Зоран Вациќ: *Барање на рамнотежа или две и пол милениуми на тетрахуморалната теорија,* Душан Лалошевиќ: *Деветнаесеттиот век – од клеточната теорија до клеточната патологија и клиничката микроскопија – употребата на микроскопот во модерната медицина,* Соња Павловиќ: *Персонализирана медицина: стар концепт, нови достигнувања,* Марјан Алексиќ: *Сфаќањето на болеста во светлината на православното аскетско предание,* Предраг Шарчевиќ: *Болест од неопределен пол: контроверзии на интерсексуалноста* и Бојан Јовановиќ: *Антрополошки аспект на болеста.* Вториот дел од сесијата на тема „Болест-филозосфки аспекти" ја модерираше д-р Зоран Вациќ. Со свои презентации настапија, Владимир Ѓурѓевиќ: *Болест и смисла: Болест и болни состојби во грчката филозофија и христијанството,* Владимир Милисављевиќ: *Алкибијадовиот парадокс: Болест, лекување и промена на режимот во хипократовата медицина и во империјалната политика* , Зоран Кинџиќ: *Потеклото, природата и смислата на болеста,* Катарина Ѓурѓевиќ: *Пасија: болка и страдање,* Ева Камерер: *Наративна медицина и искуството на болеста: раскажување за ракот* и Маринко Лолиќ: *Гадамеровата херменевтика на болеста.*

Четврток 12 јуни 2025 година, започна третата сесија на тема „Болест-психолошки и уметнилки аспекти". Со сесијата претседаваше д-р Зоран Вациќ, а со свои излагања имаа Жарко Требјешанин: *Симптомите на болеста како лек за душевно нарушување и шанса за развој на личноста,* Јасмина Ахметагиќ: *Болест и идентитет,* Наташа Шофранац: *Менталното здравје во делата на Вилијам Шекспир: концепти, перцепции и толкувања,* Ивана Димиќ: *Болеста во „Волшебниот брег" на нобеловецот Томас Ман,* Љубица Урошевиќ: *Сузан Сонтаг „Болест како метафора" – деконструкција на метафоричкиот дискурс за болеста или есеј за болните метафори* и Александра Паладин: *Аутотерапија со музика – вистина или мит?* Четвртата сесија на тема „Болест-уметнички аспект", ја модерираше д-р Зоран Вациќ, а настапија тројца излагачи, Ана Милошевиќ: *Духовен лек за духовна болест – претстави на ересите како болести во религиската визуелна култура,* Павле Зелиќ: *Излечи ме со збор и слика – истовремено! Век на историјата на деветтата уметност – стрипот и графичките новели спроти болестите, епидемијата*

*и смртта* и Владимир Ѓурѓевиќ: *Болеста и социјалната психопатологија во филмот на Ингмар Бергман „Вресоци и шепоти“*.

По официјалниот работен дел, следуваше промоција на книгата „Епидемии на заразни болести на подрачјето на Тимочка краина од 1833 до 202 година“, во издание на Неготин: Народна библиотека „Доситеј Обрадовиќ“, од авторот д-р Петар Пауновиќ. Промотори на книгата беа Божидар Благојевиќ и авторот.

Петок 13 јуни 2025 година, започна првата сесија на тема „Големите лекари од малите градови (биографии)“ и слободни теми. Со првата сесија претседаваа прим. д-р Милче Чанковиќ Кадијевиќ и д-р Зоран Вациќ. На оваа сесија свои излагања и презентации имаа 12 учесници. Петра Гриф: *Српски дипломирани студенти на медицинскиот факултет при Универзитетот во Грац,* Марија Шќекиќ Марковиќ: *Доктори од Бања Ковиљача - придонес кон проучувањето на историјата на српската медицина,* Радмила Гудовиќ, Душанка Бишиќов С. Срдиќ Галиќ: *Директори на државната болница во Нови Сад,* Милан Бреберина: *Директори на градската болница во Нови Сад, од нејзиното основање во 1910 до 2000 година,* Јелица Илиќ: *Од гимназијата Зајечар на медицински студии 1908-1908 година,* Миодраг Трајковиќ: *Доајените на медицината во Врање во 20 век,* Марина Ј. Јањиќ: *Познатите лекари од семејството Врање Стајиќ,* Габриела Топузовска, Лидија Ѓурковска: *Д-р Цветко Арсов, првиот дипломиран лекар на Медицинскиот факултет во Скопје,* Горан Чукиќ: *Снајдер и Стронг за импровизации за обесхрабрување во Србија во 1915 година,* Горан Чукиќ: *Чума и дамка во 1815 и 1817 година во Пирот и Крагуевац,* Илија Микиќ, Нина Корач: *Историја на физичките антрополошки истражувања во Србија,* Саша Рециќ, Илија Данковиќ: *Гробот на римски лекар од локалитетот Над Клепечком* (*Виминациум*). Со втората сесија на тема „Големите лекари од малите градови (биографии), Историски развој на специјалистичките гранки“, претседаваа проф. д-р Радмила Гудовиќ и прим. д-р Милче Чанковиќ Кадијевиќ, на која имаше 10 излагачи. Вељко Тодоровиќ: *Генерал-полковник, академик Владимир Војводиќ* (*1930-2008*)*: животот и дело,* Нада Петровиќ: *Болничките денови и делото на Миодраг Петровиќ, сликар за време на Големата војна,* Вологѓа Ќуковиќ: *доктор Богуслав Шилер – чешки лекар од областа Пријепоље,* Драгана Лозановиќ: *Личноста и делото на проф. д-р Вукан Чупиќ,* Вуле Журиќ: *Од народен лекар до народен херој: Животот, делото и маченииштвото на д-р Младен Стојановиќ,* Југослав Шево, Ана Божовиќ: *Д-р Милош Радојчиќ – началник на медицинската служба на Војводството на Србија за време на револуцијата од 1848/1849,* Драгослав

Башиќ, Иван Игњатовиќ, Нина Медојевиќ, Братислав Пејиќ, Милан Потиќ, Марија Михајловиќ: *Историја на хируршки третман на рак на простата,* Игор Јовиќиќ, Бојана Б. Петровиќ: *Првата рударска аптека во Србија – аптеката на Рударската управа Мајданпек,* Бојана Б. Петровиќ, Предраг А. Вукомановиќ: *Од фармацевтски вештини до фармацевтска професија – образование на фармацевтски персонал во Србија до 1939 година* и Елеонора Гвозденовиќ, Јован Малиниќ: *Инфектолог или специјалист за заразни болести.*

Сабота 13 јуни 2025 година, прва сесија на тема „ Историјски развој на специјалистичките гранки на медицината, Развој на здравствените установи во Србија и слободни теми". Со сесијата претседаваа проф д-р Радмила Гудовиќ и доц. д-р Вељко Тодоровиќ, а со свои презентации се претсатвија, Милче Чанковиќ Кадијевиќ: *Трансфузиски искуства на хирурзите 1926 – 1934: основа за формирање на специјална служба за трансфузија,* Чедомир Вучетиќ: *Почеток на микрохирургија и операција за реплантација на екстремитети во Србија,* Радован Богдановиќ: *Појавата и развојот на педијатријата како медицинска специјалност,* Гордана Оциќ: *Историјата на проучувањето на неврологијата на меморијата,* Ивана Тимотијевиќ: *Вештачката интелигенција како ново поглавје во историјата на психијатриското лекување,* Алекса Лековиќ, Слободан Николиќ: *Милован Миловановиќ во Првата светска војна,* Слободан Николиќ, Алекса Лековиќ: *Бактериолошка станица во Обвинителството на Општата државна болница во Белград,* Павле Јовиќ: *Првите прирачници и учебници за фармацевти (1868 - 1940),* Гордана Лазаревиќ: *Локалниот лекар, списание за грижа и зачувување на јавното здравје (1871-1873),* Александар Николиќ: *Доктор Миливое Васиќ – живот и дело* и Милорад Радушин: *Никола Тесла и неговите експерименти со рендгенско зрачење.* Четвртата сесија од последниот ден на научниот собир ја модерираше д-р Зоран Вациќ и тука беа презентирани слободни теми, а свои излагања имаа 7 учесници. Сања Миленковиќ, Маја Милорадовиќ: *Историски аспекти на употребата на литиумот во медицината,* Слаѓана Димиќ, Милче Чанковиќ Кадијевиќ, Ивана Б. Петровиќ: *Закрепнување на децата жртви на војната во 1990-тите: сеќавања од престојот со грчките семејства три децении подоцна,* Ѓорѓе Вуковиќ: *Преглед на достапните вести за смртта на царот Душан,* Јелена Манојловиќ, Љиљана Баста: *Фармацевт во ритамот на музиката: животната приказна на Воислав Марјановиќ,* Нада Лазовиќ, Ненад Тутуновиќ, Миша Раичевиќ: *Слатинска бања, заборавена, но корисна,* Симо Билбија: *Хирургија во воени услови – формирање на Хируршко одделение во Бенко-*

*вац во 1992 г.* и Лука Николиќ: *Црковниот живот на српската војска во Северна Африка.*

По завршувањето на последната сесија следеа заклучните согледувања за содржината и текот на тридневните излагања, презентации и дискусии. Констатациите беа во насока дека презентираните реферати придонесуваат кон проширувањето на научната перспектива за историјата на медицината како посебна гранка, преку која се добива богатство од податоци, факти и сознанија што ги осветлуваат бројните дилеми и прашања поврзани со текот и развојот на медицината. Исто така, беа изнесени предлози насочени кон развивање и продлабочување на интердисциплинарната соработка меѓу гранките што непосредно влијаат врз развојот на медицината, културата, антропологијата, религијата и јавните политики во современото општество. Со тоа беше заокружена работата на Конгресот.